**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УПРАВЕН СУД**
**СКОПЈЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT**
**GJYKATA ADMINISTRATIVE**
**SHKUP**

**СУ-04.бр.0402-61/2022**
**21.02.2022 година**
**Скопје**

Врз основа на член 36 од Законот за судска служба (Сл. Весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2018, 198/2018), по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас број 2/2021 и Исправка на јавен оглас бр.2/21, за вработување на судски службеници на неопределено време, и Предлогот на Комисијата за избор на судски службеници за работното место Раководител на помошно-стручна правна служба — Категорија Б, Ниво Б2 заведен под Су-04.бр.0401-379/21-9 од 17.02.2022 година, Претседателот на Управен суд Скопје, на ден 21.02.2022 година , ја донесе следната

# ОДЛУКА
## За избор за вработување

За работното место, Раководител на помошно-стручна правна служба — Категорија Б, Ниво Б2, за 1 (еден извршител) се избира кандидатот:

- Ивана Смугреска

Решение за вработување со избраниот кандидат ќе се донесе по правосилноста на оваа одлука.

## Образложение

Управниот суд – Скопје, објави Јавен оглас бр.2/2021 за вработување на судски службеници на неопределено време - за 1 (еден) извршител на работното место Раководител на помошно-стручна правна служба - Категорија Б, Ниво Б2, на ден 14.12.2021 година и Исправка на Јавен оглас бр.2/21 од 24.12.2021 година во дневните весници „Слободен печат“ и „Lajm“.

По спроведената постапка за селекција за вработување за работното место Раководител на помошно-стручна правна служба - Категорија Б, Ниво Б2, согласно со Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување

на пријавата, на спроведување на административна селекција, на испитите, проверката на веродостојност на доказите и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција во зависност од категориите на работните места, како и другите прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници ( Сл. весник на РМ бр. 236/2018 од 24.12.2018 година), Комисијата за избор на судски службеници за вработување за работното место Раководител на помошно-стручна правна служба - Категорија Б, Ниво Б2 – за 1 (еден) извршител до Претседателот на судот, достави Предлог на кандидати за вработување за работното место Раководител на помошно-стручна правна служба- Категорија Б, Ниво Б2, под Су-04.бр.0401-379/21-9 од 17.02.2022 година. Со наведениот предлог, за работното место Раководител на помошно-стручна правна служба - Категорија Б, Ниво Б2– за 1 (еден извршител) се предлага кандидатот Ивана Смугреска.

Согласно со член 36 став 1 од Законот за судска служба, судскиот администратор односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, во рок од пет дена по добивањето на предлогот на кандидати за вработување, е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи ја во предвид означената законска одредба, како и Предлогот на кандидати за вработување за работното место Раководител на помошно-стручна правна служба -Категорија Б, Ниво Б2, за 1 (еден извршител), заведен под Су-04.бр.0401-379/21-9 од 17.02.2022 година, Претседателот на судот одлучи како во изреката.

**УПРАВЕН СУД Скопје**
**Претседател**
**m-r Burim Sejdini**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не се избран има право на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на доставувањето на одлуката за избор преку Управен суд Скопје до Советот на судска служба.

**ДН: сите кандидати од конечна ранг листа**
**судска управа**
**на интернет страницата на судот**
**на огласна табла на судот**